ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Предмет на задачата е изработка на **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево**.

Планскиот период за **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево** е од 2024 до 2034.

Планот ќе се изработува како Урбанистички план за поразвиено село, односно план со генерална и детална регулација, општи и посебни услови за градење, во кој се формираат градежни парцели, кој се донесува за поразвиени или поголеми села, села со густа и збиена изградба или села кои имаат историја на плански просторен развој во согласност со член 14 став (2) точка 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) и член 37 став (1) точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25) определено според член 42 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25).

Планската документација е изработена во сè според Закон за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25), како и другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТЕРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТА ПОДЛОГА

Планскиот опфат дефиниран за изработка на **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево**, со својата местоположба припаѓа на територијата на село Чешиново, општина Чешиново-Облешево.

Опфатот на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево е сместен во северозападниот дел на село Чешиново. Локалитетот претставува делумно изградено земјиште.

Границите на **Опфат 1** се совпаѓаат со границите на Блок 5 дефиниран во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево за 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.):

- на **север** границата се протега по осовина на сервисната улица "Се-2" или "Наум Наумовски Борче" (планирани според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.)**;**
- на **запад** границата се протега по осовината на станбената улица "Ст-10" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **југ** границата се движи по осовината на станбената улица "Ст-9" или "Вангел Стоилов" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **исток** границата се движи по осовина на станбената ул. "Ст-8" или "Вангел Стоилов" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);

Според опишаните граници **површината на планскиот опфат на Блок 5** изнесува:

- **2.59 ха**

површина: 25958 m2
периметар: 756.56m

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка и лаците, како што следи:

ОПФАТ 1 - БЛОК 5		
	Y	X
точка 1	7607296.4137	4637525.7928
заоблување		-0.0233
центар на лак	7607249.5864	4637620.8886
радиус		106.0000
почетен агол		296
краен агол		291
точка 2	7607287.3804	4637521.8552
точка 3	7607129.9809	4637461.7871
точка 4	7607144.6702	4637422.9089
заоблување		-0.0212
центар на лак	7607095.3248	4637404.2648
радиус		52.7500
почетен агол		21
краен агол		16
точка 5	7607146.0722	4637418.6618
точка 6	7607156.2779	4637382.6878
точка 7	7607176.8147	4637315.0864
заоблување		0.0519
центар на лак	7607227.2871	4637330.4195
радиус		52.7500
почетен агол		197.0000
краен агол		209.0000
точка 8	7607181.0559	4637305.0179
точка 9	7607215.1889	4637242.8957
заоблување		-0.0799
центар на лак	7607230.9520	4637192.5560
радиус		52.7500
почетен агол		107
краен агол		89
точка 10	7607231.7611	4637245.2998
точка 11	7607270.2941	4637244.7087
точка 12	7607261.7184	4637308.5294
заоблување		-0.0550
центар на лак	7607294.1767	4637312.8909
радиус		32.7500
почетен агол		188
краен агол		175
точка 13	7607261.5487	4637315.7153
точка 14	7607266.1091	4637368.3974
точка 15	7607271.6022	4637431.8531
заоблување		0.0084
центар на лак	7607238.9742	4637434.6775
радиус		32.7500
почетен агол		355
краен агол		357
точка 16	7607271.6784	4637432.9464
точка 17	7607272.5006	4637448.4778
точка 18	7607273.1584	4637460.9043
заоблување		-0.0314
центар на лак	7607305.8825	4637459.6028
радиус		32.7500
почетен агол		178
краен агол		171
точка 19	7607273.5787	4637464.9908
точка 20	7607276.7779	4637484.1715
заоблување		-0.0588
центар на лак	7607309.0816	4637478.7835
радиус		32.7500
почетен агол		171
краен агол		157
точка 21	7607278.9175	4637491.5385

Границите на **Опфат 2** се совпаѓаат со границите на **Блок 13** дефиниран во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево за 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.):

- на **северозапад** границата се протега по осовините на сервисната улица "Се-2" или "Наум Наумовски Борче" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **запад** границата се движи по осовината на ул. "Ст-3" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **југ** границата продолжува да се движи по осовина на станбена улица "Ст-4" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **исток** границата се движи по осовина на станбена ул. "Ст-2" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);

Според опишаните граници **површината на планскиот опфат на Блок 13** изнесува:

- **3.64 ха**

површина: 36443 m2
периметар: 788.75m

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

ОПФАТ 2 - БЛОК 13		
	Y	X
точка 1	7607653.3039	4637746.6996
заоблување		0.0238
центар на лак	7607691.4554	4637668.5109
радиус		87.0000
почетен агол		116
краен агол		121
точка 2	7607646.0499	4637742.7224
точка 3	7607583.8993	4637704.6963
точка 4	7607566.0494	4637693.7750
точка 5	7607488.9885	4637645.4001
точка 6	7607497.1153	4637621.0840
точка 7	7607508.0794	4637581.6325
точка 8	7607521.1127	4637534.7357
точка 9	7607526.5179	4637515.2863
заоблување		-0.0114
центар на лак	7607475.6941	4637501.1617
радиус		52.7500
почетен агол		16
краен агол		13
точка 10	7607527.1080	4637512.9590
точка 11	7607532.0282	4637491.5164
точка 12	7607546.2925	4637497.4853

заоблување		-0.0930
центар на лак	7607593.6763	4637384.2495
радиус		122.7500
почетен агол		113
краен агол		91
точка 13	7607590.5707	4637506.9602
точка 14	7607593.3762	4637507.0312
точка 15	7607719.5373	4637510.2241
заоблување		0.0280
центар на лак	7607668.8090	4637495.7604
радиус		52.7500
почетен агол		16
краен агол		22
точка 16	7607717.6066	4637515.7943
точка 17	7607710.3646	4637533.4342
заоблување		-0.0402
центар на лак	7607758.9470	4637553.9843
радиус		52.7500
почетен агол		203
краен агол		194
точка 18	7607707.7033	4637541.4687
точка 19	7607684.9871	4637634.4777
точка 20	7607676.7054	4637668.3864
точка 21	7607673.7686	4637680.4110

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕТСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Развојните стратегии за **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево**, произлегуваат од важечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево за 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.) каде јасно се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на Блок 5 и Блок 13 кои претставуваат основна единица за детално планирање.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Поради специфичните услови на просторот произлезени од самата постојна состојба како и реалните потреби на крајните корисници, се јавува потреба од **Изменување и дополнување на УПС за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево**. При тоа констатирана е потреба од промена на одредени намени согласно можностите за развој и реализација на просторот, а кои се во согласност со постојната структура на теренот и моменталните потреби за подобар и пофункционален просторен развој. Оваа промена е предмет на задача на **Изменување и дополнување на УПС за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево** а планираните наменски зони детално ќе бидат разработени во рамки на Блок 5 и Блок 13.

Основната цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори, кои ќе може да се интегрираат со изградената структура и создавање на услови за побрза реализација на планското решение како основа за исполнување на потребите на корисниците на овој простор.

Со оваа документација се врши усогласување со новата законска регулатива, усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени во одобрената Планска програма. Исто така се дава планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција, капацитет и максимално користење на просторот од сите аспекти како и да се овозможат услови за побрза реализација на планското решение како основа за исполнување на потребите на корисниците на овој простор. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на изработка на планската документација.

Важна цел на планот е и создавањето на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадни води, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Појдовна точка во планскиот концепт на ова Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево се смерниците од постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево (2017-2027) (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.) како и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба, увидот на лице место како и важечката законска и подзаконска регулатива.

Површината на планскиот опфат претставува делумно изградено земјиште, така што во рамки на опфатот на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево е извршено планирање на градежни парцели кои се усогласени со катастарските парцели или новопланирани на земјиште во сопственост на РМ. Планирани се градежни линии, површини за градење, максимална височина на градбите и други плански одредби што го дефинираат габаритот на планираната градба, како и површини за општа употреба.

За одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, потребно е да се задоволи член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18, 42/20 и 224/24).

Со планот се планираат намени кои се во согласност со важечката планска документација од повисоко ниво и постојната состојба. Како главна намена која доминира во рамки на планскиот опфат се јавува основната класа на намени А1 – Домување во куќи, а покрај оваа намена, во овој дел од планската документација се планираат и објекти со намена А3.3 – Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица, В2.8 –Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл., Г2 –Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија (Трафостаница) и Е1.13 – Површински соларни и фотонапонски електроцентрали.

Одредувањето на максимална височина на градбите во урбанистички план, катноста и растојанијата помеѓу објектите се предвидени во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20,219/21,104/22,99/23 и 07/25). Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со член 107 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20,219/21,104/22, 99/23 и 07/25).

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Сервисната улица "Се-2" или "Наум Наумовски Борче", станбените ул. "Ст-2", "Ст-3", "Ст-4", "Ст-8", "Ст-9" и "Ст-10" како и пристапните ул. "Вангел Наумов" и "Пр-10" се во главно преземени од постојниот УПС Чешиново (2017-2027). Со дооформување на секундарната улична мрежа, односно ново планирање на уште една станбена улица е обезбеден сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 225 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25), како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Урбанистичкиот план за село треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

- Во рамките на опфатот формирани се **39** градежни парцели.
- Вкупна изградена бруто површина на ниво на плански опфат е **64 717.04 m²**.
- Просечен процент на изграденост изнесува **47.66 %.**
- Просечен коефициент на искористеност изнесува **1.29.**

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Една од основните идеи и цели на урбанистичките планови е да се создадат решенија кои ќе бидат усогласени со теренските услови, ќе може да се вметнат во изградената структура и ќе овозможат брза и лесна реализација. За таа цел се јавува потреба од Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево.

Цел на изработувањето и донесувањето на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево е да се создадат услови за планирање на организирани простори, кои ќе може да се интегрираат со изградената структура и создавање на услови за побрза реализација на планското решение како основа за исполнување на потребите на корисниците на овој простор.

Планскиот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево е дефиниран со важечката планска документација:

- Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год)

Планскиот опфат претставува делумно изградено земјиште за кое има изработено ажурирана геодетска подлога чии податоци ќе бидат сметани како постојна состојба.

Планскиот период на Измена и дополна на Урбанистички план за село се предвидува да го опфати периодот од 2024 до 2034 година.

На ниво планскиот опфат, намени предвидени согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25) намени кои можат да се планираат се:

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ

- А1 – Домување во куќи

- А3.3 – Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

- В2.8 – Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл.

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

- Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

- Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

- Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ

- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури

- Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија (Трафостаница)

- Е1.11 – Инфраструктури за одводнување

- Е1.13 – Површински соларни и фотонапонски електроцентрали

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25)

Предвидениот концепт се надоврзува на она што е предвидено со важечката планска документација и состојбата на терен, со одредени измени во однос на наменските зони. Во овој дел од планската документација, каде се разработува Изменување и дополнување на УПС, планирани се градежни линии, површини за градење, максимална височина на градбите и други плански одредби што го дефинираат габаритот на планираната градба.

За одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, потребно е да се задоволи член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18, 42/20 и 224/24).

Површината на планскиот опфат претставува делумно изградено земјиште, за кое има изработено ажурирана геодетска подлога чии податоци ќе бидат сметани како постојна состојба. Со планот се врши измена во однос на планираните намени во важечката планска документација од повисоко ниво и се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со новите измени. Како главна намена која доминира во рамки на планскиот опфат се јавува основната класа на намени А1 – Домување во куќи, а покрај оваа намена, во овој дел од планската документација се планираат и објекти со намена А3.3 – Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица, В2.8 - Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл., Г2 –Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија (Трафостаница) и Е1.13 – Површински соларни и фотонапонски електроцентрали.

Земјиштето за општа употреба, односно сообраќајната и комуналната инфраструктура, се изработува во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20,219/21,104/22,99/23 и 07/25).

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Сервисната улица "Се-2" или "Наум Наумовски Борче", станбените ул. "Ст-2", "Ст-3", "Ст-4", "Ст-8", "Ст-9" и "Ст-10" како и пристапните ул. "Вангел Наумов" и "Пр-10" се во главно преземени од постојниот УПС Чешиново (2017-2027) и со дооформување на секундарната улична мрежа, односно планирање на уште една станбена улица е обезбеден сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели.

6.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат дефинира две урбани целини и е соодветно нумериран во графичките прилози. Во границите на предметниот просторен опфат е извршена поделба и обележувањето на градежните парцели со нумерација на секоја градежна парцела посебно и тоа со арапски цифри, при што првите две цифри ја означуваат целината како урбан блок, а втората е единствена ознака за самата парцела; на пр. ГП 5.01 е градежна парцела 1 во рамките на Блок 5.Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно, на ниво на опфат и на ниво на планскиот опфат прикажани во синтезниот приказ.

6.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени следните класи на намени:

А - ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во куќи

Покрај основната класа на намена, се предвидуваат компатибилни класи на намени на основната класа на намена

Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 30%.

А3.3 – Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица

Покрај основната класа на намена, се предвидуваат компатибилни класи на намени на основната класа на намена

Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 20%),

Б2 - Големи единици за трговија (до 20%),

В1 - Образование и наука (до 20%),

В2 - Здравствена и социјална заштита (до 20%),

В3 - Култура (до 20%),

Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини (до 20%).

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 20%.

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В2.8 – Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл.

Покрај основната класа на намена, се предвидуваат компатибилни класи на намени на основната класа на намена

Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 20%),

Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради (до 20%),

Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини (до 20%).

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 40%.

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини

Покрај основната класа на намена, се предвидуваат компатибилни класи на намени на основната класа на намена

А4 – Времен престој (до 20%),

Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 10%),

Б2 - Големи единици за трговија (до 30%),
Б3 - Големи единици за угостителска дејност (до 10%),
Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради (до 10%),
Б5 - Хотели и хотелски комплекси (до 20%),
Б6 - Простори за собири и публика (до 30%),
В3 – Култура (до 20%),
Д1 – Парковско и пејзажно зеленило (до 40%).
Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 40%.

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија
Покрај основната класа на намена, се предвидуваат компатибилни класи на намени на основната класа на намена
Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 30%),
Б2 - Големи единици за трговија (до 30%),
Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради (до 10%),
В2 - Здравствена и социјална заштита (до 5%),
Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори (до 30%),
Г4 - Стоваришта, складови и отпади (до 30%),
Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило (до 30%),
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини (до 30%),
Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта (до 30%).
Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 40%.

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (Трафостаници)
Е1.11 - Инфраструктури за одводнување
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани

Класите на намени се впишани на самата површина за изградба во графичките прилози, како и во табелите со урбанистички показатели за секоја градежна парцела поединечно.

6.3. ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА

- Постојна состојба:

Во рамки на опфатот кој е предмет на разработка на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево **се евидентирани 12 објекти со намена домување со постојан број на жители.**

- **број на домаќинства: 12*1=12 домаќинства**
- **број на жители: 12*3,6=43 жители**

Во рамки на предвидениот опфат за детална разработка евидентарани се вкупно 12 домаќинства и 43 жители.

- Планиран број на жители и семејства согласно УПС Чешиново 2017-2027

Со Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево (2017-2027) (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год) зададени се параметри за станбениот стандард како услов за дефинирање на бројот на жители и домаќинства во рамки на предвидениот опфат односно:

- Просечен број на членови по домаќинство е 3,6.
- Бруто густина на населеност е 30 жители / ha.
- Нето густина на населеност е 55 жители / ha.

- Планиран број на жители според **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево**

Во согласност со анализите и параметрите зададени во Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево (2017-2027) направени се следниве демогафски анализи за планираната состојба на ниво на опфат.

• Вкупна бруто развиена површина за класа на намена А1 – Домување во куќи е 39 100.73 м2.

• Планирани се 39 градежни парцели, од кои 33 се со основна класа на намена А1 – Домување во куќи

• Просечен број на членови по домаќинство е 3,6.

Во рамки на планскиот опфат планирани се 32 градежни парцели со намена А1 – Домување во куќи од кои 10 со по 1 станбени единици и 21 со по 2 станбени единици = 52 домаќинства

Вкупно жители (А1): 52*3,6 = **187 жители**

- Бруто густина на населеност е 30 жители / ha.
- Нето густина на населеност е 59 жители / ha.

За планираниот број на жители: 187, согласно демографските показатели од спроведениот попис на населението во 2002 година, може да се пресмета дека 4% ќе бидат деца на возраст од 1 до 6 години, односно 7 деца. За 60% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во предучилишна установа, односно 4 деца.

Во рамки на село Чешиново според УПС Чешиново 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.) е планиран 4243 број на жители, од нив може да се пресмета дека 4% ќе бидат деца на возраст од 1 до 6 години, односно 170 деца. За 60% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во предучилишна установа, односно 102 деца. При тоа, по распределба по возрасни групи: 41 деца се на возраст од 1 до 2 години, кои ќе бидат згрижени во јасли и 61 деца се на возраст од 3 до 5 години кои ќе бидат згрижени во детски градинки.

- Деца на возраст 1-2 (јасли): 41
- Деца на возраст 3-5 (детска градинка): 61
- Вкупен број на деца што посетуваат предучилишна установа 102

Во рамки на планскиот опфат има планирано градежна парцела за детска градинка со површина на градежна парцела од 7097.32 м^2 и вкупна бруто изградена површина од 9234.76 м2.
Раководејќи се по нормативот за минимално обезбедување на 30m² за дете – корисник на јасли и 35m² за дете – корисник на детска градинка, може да заклучиме дека конкретната локација нуди просторни можности за реализација на детска градинка со капацитет од **50** деца во јасли и **150** деца во детска градинка, односно со вкупен потенцијален капацитет од **200** корисници.
Според тоа очекувано е дека децата од планираниот број на жители според ова Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево (3 деца) би можеле да бидат згрижени во оваа градинка, и истата да прифати деца за згрижување од соседните блокови на село Чешиново.

Мининални димензии за формирање на градежна парцела на детска градинка:

30 м2 X 41 деца во јасли = 1230 м2
35 м2 X 61 деца во детска градинка = 2135 м2
1230 м2 + 2135 м2 = **3365 м2**

Димензионирањето на површината треба да се изведе за пресметаниот број на деца, а во склад со одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за детски градинки за вршење на дејноста на установите за деца (Сл.весник на РМ бр,28/14,40/14,71/15,170/16 и 151/18) како и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Сл.весник на РМ бр.60/12,29/15,32/16,114/16), како и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12).

За планираниот број на жители: 187, согласно демографските показатели од спроведениот попис на населението во 2002 година, може да се пресмета дека 15% ќе бидат луѓе на возраст од над 60 години, односно 28 луѓе. За 20% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во установа за заедничко домување, односно 6 лица.

Во рамки на село Чешиново според УПС Чешиново 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.) е планиран 4243 број на жители, од нив може да се пресмета дека 15% ќе бидат луѓе на возраст од над 60 години, односно 636 лица. За 20% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во установа за заедничко домување, односно 127 лица.

Во рамки на планскиот опфат има планирано градежна парцела за А3.3 - Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица со површина на градежна парцела од 2822.04 м2 и вкупна бруто изградена површина од 4 193.37м2.

Раководејќи се по нормативот за минимално обезбедување на 30m² по корисник, може да заклучиме дека конкретната локација нуди просторни можности за реализација на дом за стари со капацитет од **179** корисници. Очекувано е дека планираниот број на лица според ова Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5

и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево (4 лица) би можеле да бидат згрижени во овој дом за стари, и истата да прифати корисници од соседните блокови на село Чешиново.

Од спроведените анализи и пресметки се претпоставува дека во рамки на планираниот опфат ќе има **187** постојани жители и **379** корисници.

6.4. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на оваа Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево е поставен врз основа на постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево (2017-2027) (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.), постојната состојба и урбанистичкиот концепт за намена на површините, со одредени измени со цел усогласување со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25).

Со УПС Чешиново 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019год.) дефинирана е трасата и профилот на сервисната улица **"Се-2"** или **"Наум Наумовски Борче"** која се протега низ северозападниот дел од двата опфати, како и трасата и профилот на станбените **ул. "Ст-2", "Ст-3", "Ст-4", "Ст-8" и ул. "Ст-9", ул. "Ст-10"** и пристапните **ул. "Пр-10" и ул. "Вангел Стоилов".** Истите се превземени и усогласени со законската и подзаконската регулатива.

СЕРВИСНА УЛИЦА:

ул. "Се-2" или "Наум Наумовски Борче"

- коловози.....6.00м(2x3.00)
- тротоари.....3.90м(1.50+2.40)

Вкупно:9.90м

СТАНБЕНИ УЛИЦИ:

ул. "Ст-2", "Ст-4", "Ст-8", "Ст-9"

- коловози.....5.50м(2x2.25)
- тротоари.....3.90м(2.40+1.50)

Вкупно:9.40м

ул. "Ст-3" , "Ст-10"

- коловози.....5.50м(2x2.25)
- тротоари.....3.90м(1.50+2.40)

Вкупно:9.40м

ПРИСТАПНИ УЛИЦИ:

ул. "Вангел Стоилов 1"
ул. "Вангел Стоилов 2"
ул. "Пр-10"

- коловози.....5.50м(2x2.25)

Вкупно:5.50м

Со ова Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево дефинирана е трасата и профилот на уште една станбена улица "Новопроектирана 1" во рамки на Блок 13, а на тој начин се овозможува пристап до сите планирани градежни парцели.

СТАНБЕНА УЛИЦА:

ул. "Новопроектирана 1"


- коловози.....5.50м(2x2.75)
- тротоари.....4.80м(2x2.40)

Вкупно:10.30м

ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ:


СЕРВИСНИ УЛИЦИ
УЛИЦА „Се-2“

ПРЕСЕК
1




СТАНБЕНИ УЛИЦИ
УЛИЦИ „Ст-2“
УЛИЦА „Ст-4“
УЛИЦА „Ст-8“
УЛИЦА „Ст-9“

ПРЕСЕК
2




УЛИЦА „Ст-3“
УЛИЦА „Ст-10“

ПРЕСЕК
3




УЛИЦА „Новопроектирана 1“

ПРЕСЕК
4



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ
УЛИЦА „Пр-10“
УЛИЦА „Вангел Стоилов 1“
УЛИЦА „Вангел Стоилов 2“

ПРЕСЕК
5



Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Е- ИНФРАСТРУКТУРИ

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

А - ДОМУВАЊЕ

А1 - Домување во куќи

- 1 паркинг место по стан

А3.3 - Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица

- 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 1 паркинг место на 15 легла за домовите за стари лица

В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

В2.8 - Установи за згрижување на деца од претшколска возраст (детска градинка)

- 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места

Г - РУГАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија

- Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Д- ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата.

Е- ИНФРАСТРУКТУРИ

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

Радиуси и кривини на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела.

Елементи на внатрешниот сообраќај: Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина, површина за градба и бруто развиена површина

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди при спроведување на урбанистичкиот план т.е со проектна документација во зависност од специфичните потреби , локацијата и услови во кои спаѓаат градбите. **Обезбеувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволена висина, површина за градба и бруто развиена површина. Паркирањето на потребниот број возила да се предвиди во рамки на градежната парцела.**

Потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.

Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) се поклопува со граница на градежна парцела.

6.5. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на Урбанистичкиот план за село, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

6.6. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Од електро-енергетски мрежи и објекти евидентирано е следното:

Електрична мрежа на опфатот е дел од селскиот систем за напојување.

Високо напонска мрежа

Според дописот од АД МЕПСО со бр. 11-1483/1 од 15.02.2024 год. предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Среднонапонска мрежа

Според дописот од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со бр. 10-23/4-171 од 06.03.2024 низ опфатот минува 10(20) KV надземна мрежа во рамки на Опфат 2.

Нисконапонска мрежа

Според дописот од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со бр. 10-23/4-171 од 06.03.2024 низ опфатот минува 0.4 KV надземна мрежа.

Со изработка на урбанистички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвидени трафостаници 10/0,4kV.

Според предвидените коефициенти за дефинирање на потребите на електрична моќност за:

- корисници - 1kW/корисник
- комерцијални и деловни и јавни институции - 193kW/ha
- зеленило и рекреација и инфраструктура - 15kW/ha
- лесна и помалку загадувачка индустрија - 293kW/ha

Планиран број на жители за Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево изнесува **187** постојани жители.
Планиран број на посетители и вработени на ниво на опфат изнесува **379** посетители
Вкупен број на жители/посетители изнесува **566**.

Вкупната површина со домување е 3.19 ha
Вкупната површина со јавни институции е 1.00 ha
Вкупната површина со зеленило рекреација и инфраструктура е 1.87 ha
Вкупната површина со лесна и помалку загадувачка индустрија е 0.19 ha
Вкупен број на корисници: 494

Вкупната едновремената ел. снага изнесува:

P_{en1} =1.00 ha*193kW/ha P_{en1} = 193 kW

P_{en2} =1.87 ha*15kW/ha P_{en2} =28.05 kW

P_{en3} =566 корисници*1kW P_{en3} =566 kW

P_{en4} =0.19 ha*293 kW/ha P_{en4} = 55.67 kW

$P_{en} = P_{en1}+P_{en2}+P_{en3}+P_{en4}$

$P_{en =}$ 193+28.05+566+55.67 P_{en} = 842.72 kW

$\eta_{tr}=\frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}}=\frac{842.72}{630\times0,75}=$ 2 трафостаници

Во рамки на планскиот опфат нема постојни трафостаници, а со овој план се планираат две нови парцели за изградба на трафостаници во рамки на Блок 5 и Блок 13 за задоволување на потребите на планскиот опфат.

Во рамки на планскиот опфат има постојна електрична инфраструктура која е внесена во графичките прилози исто така и планираната мрежа. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

Со планската документација, се предвидува надземниот 0.4 Kv вод на две позиции каде што е означено во графичките прилози да се дислоцира, односно да се каблира по траси предвидени во тротоар на улицата, бидејќи поминува низ планирана површина за градба.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „B-2", споредни, локални

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„B-2" (C)

- сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерностjr = 40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување едноредeн

Канделабрите да се постават надвор од заштитни појаси на далеководи.

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ

Македонски телекомуникации АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле и А1. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа во сопственост на А1 и Македонски телеком АД Скопје од каде што имаме добиено одговор и истите податоци се вградени во планската документација како и самиот допис.

Планираните телекомуникациски инсталации се прикажани на шематско ниво. Истите по правило при реализација се водат во делови од тротоарот. За потребите на телекомуникациските системи може да се поставуваат и разводни ормани кои можат да бидат поставувани во пешачките делови на јавните коридори.

Со планската документација, се предвидува надземниот коаксијален кабел на А1 кој е означен во графичките прилози да се дислоцира, односно да се каблира по траси предвидени во тротоар на улицата, бидејќи поминува низ планирани површини за градба.

6.7. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ОПШТО

Со предметното Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево во рамките на панираниот опфат 6.24ха се планираат следните содржини: А1 – Домување во куќи, а покрај оваа намена, во овој дел од планската документација се планираат и објекти со намена А3.3 – Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица, В2.8 - Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл. и Г2 –Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија (Трафостаница) и Е1.13 – Површински соларни и фотонапонски електроцентрали.

Основните решенија за водоснабдување, фекална и атмосферска канализација во предметниот локалитет се изработени на основа на следните податоци и подлоги: УПС за преметниот локалитет, прописи и нормативи усвоени од ЈП Водовод и канализација, за начин на водење на подземни ХТ инсталации и минимални предвидени профили за улични, водоводна и канализациона мрежа.

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ НА ВОДА

Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на постоечката водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 400 л/ден/жит.

Nж – број на постојани жители/корисници Nж = 566

Q - водоснабдителна норма Qк = 400 l/ден/корисник

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,5

a_2= коефициент на часова нерамномерност. a_2 = 1,3

Средна дневна потрошувачка:

$$Qср/ден = (Nж + Nko + x Qк)/1000 = (566корисници x 400л / ден) / 1000 = 226.4м3/ден$$

Qср/ден = 226.4 м^3/ден = 226 400л/ден/86.4 = 2.62л/сек

Qмах/ден = Qср/ден x a_1= 2.62 x 1,5 = 3.93 л/сек

Qмах/час = Qмах/ден x a_2 = 3.93 x 1,3 = 5.12 л/сек

Санитарна вода за индустрија:

Qmax/ден = 2.31*0.19 ха = 0.44 л/сек

Qmax/час = 3.47*0.19 ха = 0.66 л/сек

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и новопроектираната дистрибутивна водоводна мрежа. До решавање на водоснабдувањето објектите се снабдуваат со вода преку бушотини (бунари) секој во своето дворно место.

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар (Правилникот за внатрешна и надворешна хидрантска мрежа), се предвидува хидрантска мрежа со противпожарни хидранти поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m со притисок од 2,5 л/сек.

Зависно од видот и карактерот на објектите предвидено за лесна индустрија можно е и предвидување на заштита од пожар преку конкретни системи за кои е потребно да се обезбеди поголема количина на вода.

При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализацијата се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализаицона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекална канализација.
Канализационата мрежа ќе се состои од арм. бетонски канализциони цевки со 400mm и арм. бетонски ревизиони шахти.
Канализирањето се предвидува по гравитачен пат. Одведувањето на фекалните отпадни води од предвидените објекти ќе се врши преку предвидената феклана канализација која ќе се состои од цевни канали кои ќе се водат по коловоз на планираните улици.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

Имајки во предвид дека водоснабдителната норма е планиранана 400 л/сек/човек, максималната часова отпадна вода пожител изнесува:

Qфек = Qср/ден x 0,8 = $226.4м^3/ден$ x 0,8 = $181,12м^3/ден$

Според Урбанистички план за село Чешиново, Општина Чешиново-Облешево за 2017-2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.) има прочистителна станица надвор од опфатот на селото, на КП 1395, катастарската парцела граничи со западниот дел од опфатот кон населено место Уларци, по улица Маршал Тито кон населено место Уларци.

Од Прочестителната станица по извршеното пречитување се врши испуштање во Бугарскиот канал, па во река Злетовица и оттаму во река Брегалница.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Бидејќи не се добиени податоци и информации од ЈПКД Облешево за постојната атмосферска канализација во локалитетот, во рамки на планската документација се предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферските води, кои содржат посебни цевни канали кои ќе се водат по тротоарите на предвидената улична мрежа.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на предвидените објекти, од партерните дворни површини, од површините на улиците и зелените површини. Количината на атмосферските дождовни води ќе се одреди по емпириски формули во зависност од големината и намената на сливната површина, интензитетот на врнежи од дожд, просечниот коефициент на оттекување и коефициентот на ретардација (задоцнување) кој зависи од формата на сливната површина.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$$

Каде:

F – вкупна сливна површина (ха)

i–специфиченистек (110)

Ψ–просечен коефициент на истекување (0.4)

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

F = 6.24ха

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Q = 6.24 \times 110 \times 0.4 = 274,56 л/сек$$


Целокупната мрежа на атмосферска канализација треба да се изведе. Уличната мрежа од атмосферската канализација, согласно препораките од комуналните претпријатија, треба да се изведе со цевки со минимален профил од Ø300mm.

КАНАЛИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ


Добиени се податоци и информации од ЈП Водостопанство на РСМ со бр. 11-1862/3 од 26.09.2024 год. во кој е наведено дека во рамки на планскиот опфат има земјени канали за одводнување на КП 4731, КП 4732, КП 4726, КП 4202 и КП 4158/1 КО Чешиново. Исто така и каналети за наводнување кои се на КП 5053/1 и КП 5053/4 КО Чешиново.

На просторот околу каналите кои влегуваат во рамки на планскиот опфат е оставен заштитен појас за одржување на истите со широчина од 6м од едната страна и 3м од другата страна.

ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА УЛИЦА "Ст-8"
СО КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА КП 4202 И КП 4726



ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА УЛИЦА "Пр-10"
СО КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА КП 4158/1



7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

7.1 Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево** и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Урбанистички план за село.

7.2 Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево** чии граници се опишани во Планската документација на УПС, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

7.3 Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на УПС, се третираат како постојна состојба.

7.4 Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

7.5 Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (m^2);
- површина за градење (m^2);
- процент на изграденост (%);
- вкупна развиена површина по катови (m^2);
- коефициент на искористеност на земјиштето (k);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класи на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- максимален број на катови;
- максимална дозволена висина на венец;

7.6 **Регулациона линија** е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

7.7 **Градежна парцела** е основна, најмала и неделива единица на градежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во која се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.

7.8 **Површина за градење** е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење.

Со планската документација се одредени и следните услови:

- облик и големина на градежна парцела (m²);
- површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една градба (m²);
- заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се гради.

7.9 Во рамките на градежните парцели е утврдена површина за градба ограничена со градежни линии во чии рамки може да се гради една или повеќе градби. Доколку во градежната парцела се гради еден објект може да се спроведува со Основен проект, доколку има повеќе градби (комплекс на градби) градежната парцела да се разработи со Урбанистички проект, според претходно дефинирана проектна програма и ненадминувајќи ги планираните параметри за максимална бруто изградена површина, процент на изграденост и коефициент на искористеност.

7.10 Селскиот стопански двор по правило се состои од два дела:

1. станбен и деловен дел или чист дел, и
2. економски дел или нечист дел.

Најмалото растојание помеѓу станбената градба и сточната штала е 15,00 м.

Гумното, складовите на измет и осока, како и полскиот клозет мораат да бидат оддалечени од станбениот дел најмалку 20,00 м, низ доминантниот правец на ветер и на пониска кота.

7.11 Најмало меѓусебно растојание на новопланирани површини за градење што се во соседни градежни парцели е:

- за приземни градби 6,00 м,
- за приземје и спрат 8,00 м, и
- за приземје и два спрата 10,00 м.

7.12 Препорачано растојание помеѓу регулационата и градежната линија е 5,00 м, но во урбанистички план и урбанистички проект може да се уреди растојание што е соодветно на постојната ендемска типологија на градење.

7.13 При одредувањето на диспозицијата на површината за градење во урбанистички план, не се дозволени растојанија помеѓу градежната линија односно границата на површината за градење и страната на градежната парцела што се помеѓу 0,00 и 1,20 м.

- Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е 0,00 м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела,
- Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 м дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1,60 метри,
- Кога растојанието е поголемо од 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата со парапет висок од 0,00 до 1,60 м.

7.14 Планските одредби за отворите се корелативни со планските одредби за површината за градење и истите важат и за отворите кои се наоѓаат на еркери односно конзолни испакнувања на второстепената архитектонска пластика, во кој случај меродавни се растојанијата од еркерите до границите на градежната парцела.

- Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорува на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите:

- првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, коструктивнистолбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонскатаоснова до 30см, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25м;
- второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеии др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец и
- третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венции друга плитка архитектонска пластика до 30см.

7.15 Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.

7.16 Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела можните пречекорувања не треба да излезат надвор од границата на градежната парцела на било која височина на теренот.

7.17 Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

- првиот скалник од влезните партии до 30cm ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25m;
- првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивнистолбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонскатаоснова до 30cm ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25m;

- второстепена пластика (еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др) која сепојавува помеѓу првиот спрат и горниот венец за уличен коридор широк до 12,0mдо 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,5m длабочина за уличникоридори поширoки од 12,00м,

- Елементите на второстепената пластика не треба да се појавуваат на фасадата наградбата најмалку 3,6m над котата на тротоарот

- елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат настраничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежнапарцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,

- третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венции друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбатаоваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м.

- Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојаниеод 1,2m, не треба да има пречекорувања на градежната линија со првостепена ивторостепена пластика.

Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, а растојанието помеѓу регулационата и градежната линија е поголемо од 2,00 м, одредбите се употребуваат како за оддалеченост помеѓу градбите од двете страни на улицата.

7.18 Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела, а растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.

7.19 При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, по правило нема стандардизирани ограничувања за употребата на архитектонската пластика, при што во случаи кога има за тоа потреба овие ограничувања се уредуваат во општите услови за градење во урбанистичкиот план.

7.20 Во зададената површина за градба, односно во вкупно изградената бруто површина определена во табеларниот приказ во деталниот урбанистички план за секоја парцела одделно, не се вбројува површината која ја зафаќа второстепената пластика (еркери, тераси...).

7.21 **Помошна градежна линија** ги означува промените во габаритот на планираната градба во рамки на површината за градење односно денивелации на првостепената пластика, како што се различни височини на различни делови од градбата, терасести намалувања на висината, пасажи, тремови и сл.

7.22 **Подземна градежна линија** ја означува границата на градењето под котата на теренот кога таа не се совпаѓа со градежната линија, како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) може да се поклопува со границата на градежна парцела.

7.23 Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

- Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби со мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20 м,

- Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите ја квалификува градбата за јавна употреба, е 15 см, при што височинската разлика со пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон.

7.24 Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и во табелите е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на теренот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

7.25 Доколку во урбанистички план или урбанистички проект максималната височина на градбата изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови, тогаш најмалата спратна височина со која во урбанистичкиот план се пресметува бројот на спратови, мерено од под до под, за домување е 2,90 м, а за деловна дејност 3,40 м.

7.26 Максималната височина зависи од намената на земјиштето и градбите, како и од густината и типологијата на градењето, односно од меѓусебното растојание на градбите и од широчината на уличниот профил, при што пошироките улични коридори овозможуваат поголеми максимални височини на градбите и обратно,

7.27 Максималната височина на градбата покрај одредувањето во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи, при што приземното ниво се обележува со голема буква „П" на која со знак „+" се додава бројот на катови обележан со арапски број.

- За градежните парцели со намена А1 – Домување во куќи, А3.3 - Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица, дозволената висина за градење е Н=10,20м со катност П+2.

- За градежната парцела со намена В2 – Здравствена и социјална заштита, дозволената висина за градење е Н=7,20м со катност П+1.

- За градежната парцела со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, дозволената висина за градење е Н=12,00м со катност П+1.

- За градежните парцели со намена Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, дозволената висина за градење е Н=16,20м со катност П+2.

- За градежните парцели со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаници) и Е1.13 – Површински соларни и фотонапонски електроцентрали, дозволената висина за градење е Н=4,50м со катност П.

7.28 Слеме е највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот не е дозволен потпокривен простор.Височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а

кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Во дозволената височина на слемето која изнесува 4,5м можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви.

7.29 Параметри за режим на градење над котата на горниот венец,

Максимално дозволена висина 4.5 метри, над котата на горниот венец

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,

- оџаци, вентилациони канали, вертикални комуникации, и

- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

Косите покриви имаат агол на косина од најмногу 35 степени.

Мансардниот покрив има максимален агол на косина од 60 степени, кој почнува од завршниот венец поставен на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот е градежната линија.

Рамните покриви имаат агол на косина до 5% и во дозволената силуета е можно скалесто повлекување од страната на лицето на парцелата и оформување кат на дел од последната плоча на градбата, кој кон дното и страните на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување е најмногу 60 степени.

7.30 Доколку во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор, тој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

Во урбанистички план не се планира и обележува потпокривен простор како посебен вид на кат односно поткровје, туку како регуларен кат.

7.31 **Намена на земјиштето** е начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.

- Поединечната намена се обележува со тричлена номенклатура: со голема буква од кирилското писмо се обележува групата на класи на намени на којашто и припаѓа класата на намени, потоа со арапски број се обележува класата на намени на која поединечната намена и припаѓа, и со арапски број се обележува поединечната намена.

Во планскиот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево, планирани се следните поединечни намени за градежните парцели:

А – ДОМУВАЊЕ

- А1 – Домување во куќи

- А3.3 – Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

- В2.8 – Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл.

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

- Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

- Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ

- Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија (Трафостаница)

- Е1.13 – Површински соларни и фотонапонски електроцентрали

Непарцелираното градежно земјиште за општа употреба служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини и градби за општа употреба, и во планскиот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево, планирани се следните класи на намени и поединечни намени:

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури (Сообраќајници)
Е1.11 - Инфраструктури за одводнување

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

7.32 За градежните парцели се дозволени:

- **компатибилни намени** - се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

  Една од компатибилните намени во просторната единица треба да биде уредена во урбанистички план како основна намена при што другите компатибилни намени во истата просторна единица можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.

- **комплементарни намени -** намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план и означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално

комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

7.33 **Оградувањето** на градежните парцели не треба да ги наруши безбедноста и прегледноста на сообраќајниците, пристапноста кон градбите од јавен интерес, како и проодноста и социјабилноста на јавните простори (плоштади, паркови, пешачки зони и сл.), односно:

- оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.
- дозволено е оградување со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

7.34 **Процент на изграденост на земјиштето** (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење. Процентот на изграденост на земјиштето од став се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште на просторната единица изразен во процент. Процент на изграденост на земјиштето на ниво на планскиот опфат изнесува **47.66%.**

7.35 **Коефициент на искористеност** (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали. Коефициентот на искористеност на земјиштето на ниво на планскиот опфат изнесува **1.29.**

7.36 Вкупна изградена површина се пресметува со собирање на сите подни површини на сите надземни катови на градбата, вклучувајќи ги и потпокривните катови, како и сутеренските катови односно катовите под нивото на приземјето што барем со едната своја страна се целосно над теренот. Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од зградата: наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии, натстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи. Вкупна изградена површина изнесува **64 717.04 м2.**

7.37 Нумерички изразените вредности кои се уредени како најмали или најголеми дозволени вредности на урбанистичките параметри се крајни и гранилни заштитни норми.

7.38 Стационарниот сообраќај – паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Зависно од изборот на компатибилните намени во определувањето на потребниот број на паркинг места задолжително да се вклучат и нормативите за избраната компатибилна намена.

Елементи на внатрешниот сообраќај: Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина, површина за градба и бруто развиена површина.

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди при спроведување на урбанистичкиот план т.е со проектна документација во зависност од специфичните потреби , локацијата и услови во кои спаѓаат градбите. **Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволена висина, површина за градба и бруто развиена површина. Паркирањето на потребниот број возила да се предвиди во рамки на градежната парцела.**

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – **да се обезбедат во рамки на градежната парцела.** Потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.

При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 –30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште.

Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) може да се поклопува со границата на градежната парцела.

7.39 Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите

Рампите за пристап до паркиралишта и гаражи во подземни или надземни градби со капацитет до 40 возила ги имаат следниве најголеми подолжни наклони:

- до 16% за отворени прави рампи,
- до 16% за покриени кружни рампи, и
- до 20% за покриени прави рампи

Минимална широчина на еднонасочна права рампа изнесува 3,50 м, а за еднонасочна кружна рампа изнесува 4,00 м. Минималната широчина на двонасочните прави рампи изнесува 5,50 м, а на кружните изнесува 7,00 м.

Оптималните и максималните наклони на рампи за пристап до паркинг места во подземни или надземни паркиралишта или гаражи со капацитет над 40 возила изнесуваат:

- 12% - 15% за отворени прави рампи,
- 12% - 15% за покриени кружни рампи, и
- 12% - 18% за покриени прави рампи.

Оптимална и минимална широчина на рампи од паркиралишта е 3,75 – 3,25 м за еднонасочна права рампа и најмалку 4,20 м за еднонасочна кружна рампа. Оптимална и минимална широчина на рампите за двонасочен сообраќај изнесува 7,00 –6,00 м за прави рампи и 8,20 – 7,60 м за кружни рампи.

Минималниот радиус на кружните рампи изнесува 6,00 м, мерено од оската на претпоставената патека на меродавното лесно возило, а минималниот радиус на коловозот на рампата е 4,10 м.

Доколку просторните услови во конкретна градежна парцела не овозможуваат пристап со рампа, при спроведување на урбанистичкиот план можат да се предвидат автолифтови за пристап до подземниот или надземниот паркинг простор во согласност со стандардите за овој вид на лифтови начин на паркирање на возила.

7.40 Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

7.41 За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

7.42 За 35 и 10kV подземни траси во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации.

7.43 Телекомуникациските коридори треба да се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачките патеки. За уличните телекомуникациски ормари потребно е да се обезбеди манипулативен простор со димензии од 1,0м x 0,5м.
Бројот и местоположбата на истите ќе се дефинира согласно развојните потреби на мрежата и конкретните услови на теренот, во соработка со стручните служби на надлежната институција.

7.44 При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците.

Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.45 Во насока на спроведување на Урбанистички план за село, за реализација на сообраќајните коридори на примарната сообраќајна мрежа (градски магистрални и собирни улици) Урбанистички проект за инфраструктура може да се изработува во сите

случаи каде што урбанистичкиот план не содржи детална регулација на инфраструктурите или кадешто деталната регулација не соодвествува со условите на теренот или кадешто се неопходни промени или надградувања на инфраструктурите без потреба тоа во планот да биде уредено со посебна планска одредба.

7.46 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

7.47 Процентот на озеленетост во рамки на секоја градежна парцела да изнесува најмалку 20%. Во градежните парцели ќе се уреди процентот на озеленетост што ќе се однесува на делот од дворното место за високо зеленило на почва целица - со процентуална застапеност од мин 20%. Потребната широчина на просторот за садење на дрвјата зависи од видот на дрвото односно од површината на длабока почва целица без каква и да е инфраструктура за развој на кореновиот систем. Просторот потребен за:

- дрвја со тесни крошни е 2,50 – 3,00 м,
- дрвја со широка крошна е 3,50 – 4,50 м.

7.48 При изработка на проектна документација за градби со јавна намена, задолжително да се проектира паркинг простор за велосипеди во функција на градбата.

7.49 Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

- изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување; воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање,
- производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообракај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и при изградба на објекти и инфраструктура.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи; изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините; обезбедување на противпожарни пречки;изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура.

7.50 Доколку при реализација на **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево** се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13 и 37/14).

7.51 Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.52 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

7.53 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

7.54 Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

7.55 При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

7.56 Земјиштето кое се наоѓа во рамки на планскиот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево, е со статус на градежно земјиште.

7.57 За сè што не е регулирано со овие параметри, важат општите и посебните одредби од Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево (2017-2027)(Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год).

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ ЧИИШТО ГРАНИЦИ СЕ УТВРДЕНИ СО ПЛАНОТ

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Во рамки на Опфат 1 или Блок 5 се планираат градежни парцели со површини за градење со следните основни класи на намени:

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ

- А1 – Домување во куќи

- А3.3 – Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

- В2.8 – Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл.

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

- Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

- Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ

- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури

- Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија (Трафостаница)

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ:

Во рамките на планскиот опфат дефинирани се 15 градежни парцели. Градежните парцели се формирани почитувајќи ги границите на постојните катастарски парцели или на група на катастарски парцели.

ПРИРОДА НА ЗАФАТ:

Градежна парцела 5.01

Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градба (m²)	Висина на хоризонтален венец	Катност	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Број на жители	Број на семејства	Начин на спроведување
5.01	A	A1	Б1 max 30%	552.10 m²	180.00 m²	10.20 m	П+2	540.00 m²	32.60%	0.98	3.6	1	основен проект

Основна класа на намена: А1 – Домување во куќи

Покрај основната намена предвидени се компатибилни класи на намена на основната класа на намена:

- **Б1** - Мали единици за комерцијални и деловни дејности, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **30%**,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на **основната класа на намена е 30%.**

Вид и начин на употреба на планската единица: Во рамките на парцелата може да се планира еден објект и истиот ќе се спроведува со Основен проект.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели со основна класа на намена А1 потребно е да изнесува минимум 20%, за секоја градежна парцела поединечно.

Дозволена висина на градење: 10.20m

Максимален број на спратови: П+2

Сообраќајни и улични мрежи: Пристап до парцела од сервисна улица "Се-2" и од станбената улица "Ст-10".

Елементи на внатрешниот сообраќај: Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25).

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди при спроведување на урбанистичкиот план т.е со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локацијата и услови во кои спаѓаат градбите. **Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволена висина, површина за градба и бруто развиена површина. Паркирањето на потребниот број возила да се предвиди во рамки на градежната парцела.**

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – **да се обезбедат во рамки на градежната парцела,**

Водови и објекти на инфраструктурите: приклучок за планираните објекти има од сервисна улица "Се-2" и од станбената улица "Ст-10".

Кота на нултата плоча во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница за градежната парцела е максимум до **1,20м.**

Параметри за режим на градење над котата на горниот венец: Максимално дозволена висина **4.5 метри**, над котата на горниот венец

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, вертикални комуникации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обзидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

Градежна парцела 5.02

Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градба (m²)	Висина на хоризонтален венец	Катност	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Број на жители	Број на семејства	Начин на спроведување
5.02	A	A1	Б1 max 30%	488.81 m²	132.00 m²	10.20 m	П+2	396.00 m²	27.00%	0.81	3.6	1	основен проект

Основна класа на намена: А1 – Домување во куќи

Покрај основната намена предвидени се компатибилни класи на намена на основната класа на намена:

- **Б1** - Мали единици за комерцијални и деловни дејности, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **30%**,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на **основната класа на намена е 30%.**

Вид и начин на употреба на планската единица: Во рамките на парцелата може да се планира еден објект и истиот ќе се спроведува со Основен проект.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели со основна класа на намена А1 потребно е да изнесува минимум 20%, за секоја градежна парцела поединечно.

Дозволена висина на градење: 10.20m

Максимален број на спратови: П+2

Сообраќајни и улични мрежи: Пристап до парцела од станбената улица "Ст-10".

Елементи на внатрешниот сообраќај: Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23 и 07/25).

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди при спроведување на урбанистичкиот план т.е со проектна документација во зависност од специфичните потреби , локацијата и услови во кои спаѓаат градбите. **Обезбеувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволена висина, површина за градба и бруто развиена површина. Паркирањето на потребниот број возила да се предвиди во рамки на градежната парцела.**

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – **да се обезбедат во рамки на градежната парцела,**

Водови и објекти на инфраструктурите: приклучок за планираните објекти има од станбената улица "Ст-10".

Кота на нултата плоча во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница за градежната парцела е максимум до **1,20м.**

Параметри за режим на градење над котата на горниот венец: Максимално дозволена висина **4.5 метри**, над котата на горниот венец

